| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Здравјето треба да се чува |
| **Содржина на денот** | Топла облека |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Емилија Каровска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема личната хигиена како придобивка за нашето здравје. |
| **Активности** | Запознавање, именување и опишување на топла облека.<br>Родителот со детето да одат на прошетка до најблискиот парк.<br>Да се поведе разговор како и што треба да се облече од топла облека за да се излезе надвор од домот и да се прошета во паркот, притоа да ни биде пријатно, да не ни студи, бидејки е доцна есен и времето е постудено.<br>Преку прозорецот од домот да се погледнат временските услови случајно да не врне дожд ,па ако врне покрај топла облека ќе треба да се земе и чадор.<br>При подготовка за да се излезе од дома, секоја облека поединечно да се именува ( јакна ,чизми, ракавици ,капа,шал...) објаснувајќи го секое парче од облеката, кој дел од телото ќе ни го штити од студот.<br>По завршувањето со прошетката, детето при соблекување на облеката да се обиде да ја именува.<br>Потоа родителот да нацрта цртеж на лист од блок, каде ќе има нацртано капа ,шал, ракавици...,а детето трба со дрвени боици да ги обои односно издекорира.<br>Во позадина може да се пуштат и слушаат детски песни за есен, од детските фестивали Поточиња и Златно славејче. |